ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ
AGJENSIONI PËR ADMINISTRIM ME PRONËN E KONFISKUAR
Бр.-Nr 01-799/1
12.02 2026 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ ЗА ПЕРИОД ОД 01.07.2025 ГОДИНА ДО 31.12.2025 ГОДИНА

Февруари 2026 година

Скопје

Влада на Република Северна Македонија
Агенција за управување со одземен имот

С о д р ж и н а:

I. ВОВЕД
II. ОПШТИ ПОДАТОЦИ
III. ЗАКОНИ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ, ИМОТНА КОРИСТ И ОДЗЕМЕНИ ПРЕДМЕТИ ВО КРИВИЧНА И ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА (*)

IV. АКТИВНОСТИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07.2025 до 31.12.2025 година.

4.1. КОНФИСКАЦИЈА НА ПРОТИВПРАВНО СТЕКНАТА ИМОТНА КОРИСТ

4.2. ОДЗЕМЕНИ ПАРИЧНИ СРЕДСТВА

4.3. ПРОДАЖБА НА КОНФИСКУВАН ИМОТ

4.4..ПРОДАЖБА НА ПОДЗВИЖЕН ИМОТ/ВОЗИЛА
4.5.ОДЛУКИ ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ВОЗИЛА
4.6 ОДЛУКИ ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНО ОДЗЕМЕНИ ВОЗИЛА

4.7. ОДЛУКИ ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА СТОКА ОДЗЕМЕНА СО ПРАВОСИЛНИ ПРЕСУДИ ВО КРИВИЧНА И ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА

4.8. ОТСТАПУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНО ОДЗЕМЕНИ ПРЕДМЕТИ БЕЗ НАДОМЕСТОК СО ОДЛУКИ НА УО НА Агенција за управување со одзмен имот

4.9 ОДЗЕМЕНИ ВОЗИЛА (пмв, комби, товарни, теренски), МОТОРИ /МОТОРЦИКЛИ, ТРАКТОРИ, ЗАПРЕЖНИ КОЛИ И ПРИКОЛКИ

4.10. ОДЗЕМЕНИ ЦИГАРИ-ТУТУН И АЛКОХОЛ

4.11. ОДЗЕМЕНО ОРУЖЈЕ, МУНИЦИЈА И ЕКСПЛОЗИВЕН МАТЕРИЈАЛ

4.12.ОДЗЕМЕНА РАЗНА СТОКА

4.13. ОДЗЕМЕНИ НАРКОТИЧНИ ДРОГИ ПСИХОТРОПНИ СУПСТАНЦИ И ПРЕКУРЗОРИ

4.14.ОДЗЕМЕНИ МОНЕТИ-БАНКНОТИ/АРХЕОЛОШКИ ПРЕДМЕТИ АРТЕФАКТИ

4.15. ОДЗЕМЕНИ БЛАГОРОДНИ МЕТАЛИ/ПРЕДМЕТИ

4.16.ОДЗЕМЕНИ ЖИВОТНИ
4.17. КОНФИСКУВАН ИМОТ

4.18.ПОСТАПУВАЊЕ СО КОНФИСКУВАНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ, ЕЛЕКТРОНСКИ ПАРИ И УДЕЛИ

4.19. УНИШТУВАЊЕ НА НАРКОТИЧНИ ДРОГИ, ПСИХОТРОПНИ СУПСТАНЦИИ И ПРЕКУРЗОРИ И ДРУГ ОДЗЕМЕН ИМОТ, ОДЗЕМЕНО ОРУЖЈЕ, МУНИЦИЈА, ЕКСПЛОЗИВЕН МАТЕРИЈАЛ И ДРУГ ОДЗЕМЕН ИМОТ

V. ВНАТРЕШНО ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАДРОВСКИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА АГЕНЦИЈАТА

VI.РЕФОРМСКА АГЕНДА-ПЛАН ЗА РАСТ И ОБВРСКИ

VII. УЧЕСТВО ВО ЕВРОПСКИ ПЛАН ЗА РАСТ И ИНСТИТУЦИОНАЛНО ЕКИПИРАЊЕ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ

7.1 ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ

VIII.СОРАБОТКА СО ДРЖАВНИ ОРГАНИ И ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА И УЧЕСТВО НА МЕЃУНАРОДНИ СРЕДБИ

8.1.СОРАБОТКА СО ДРЖАВНИ ОРГАНИ И ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ

IX.МЕЃУНАРОДНИ СРЕДБИ НА БИЛЕТЕРАЛНО И МУЛТИЛАТЕРАЛНО НИВО

X.ГЛАВНИ ПРЕДИЗВИЦИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ

# I. ВОВЕД

Извештајот за работата на Агенцијата за управување со одземен имот (во натамошниот текст:Агенцијата) за период од 01.07.2025 година до 31.12.2025 година е изготвен согласно член 21 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (*)

(„Сл.весник“ бр.64/25, 37/25, 86/25, 101/25 и 135/25) и се доставува до Владата на Република Северна Македонија и до Управниот одбор на Агенцијата.

Извештајот за работата на Агенцијата за управување со одземен имот содржи податоци во врска со работењето на Агенцијата, управувањето и располагањето со конфискуваниот имот, имотна корист и одземени предмети за период од 01.07.2025 година до 31.12.2025 година. Во овој извештај детално е опишана работата на Агенцијата за вторите 6 (шест) месеци од 01.07.2025 година до 31.12.2025 година.

## II. ОПШТИ ПОДАТОЦИ

Агенцијата за управување со одземен имот е самостоен орган на Владата на Република Северна Македонија. Органи на управување на Агенцијата се Управниот одбор и Директорот на Агенцијата.

Управниот одбор е составен од 7 (СЕДУМ) члена со мандат од пет години.
Со Агенцијата раководи директор. Директорот на Агенцијата го избира и разрешува Владата на Република Северна Македонија.

Од страна на Владата на Република Северна Македонија со Решение за именување вршител на должноста директор на Агенција за управување со одземен имот бр.8080/1 од 27.09.2024 година, за вршител на должноста В.Д. Директор на Агенцијата за управување со одземен имот е именувана Г-Ѓа Ирена Илиевска од Куманово. Со Решение за именување на директор на Агенцијата за управување со одземен имот бр.18-5164/1 од 20 Мај 2025 година на Влада на РСМ Г-Ѓа Ирена Илиевска од Куманово е именувана за Директор на Агенцијата за управување со одземен имот.
Седиштето на Агенцијата е во Скопје на ул: „Кеј Димитар Влахов бр.4 , 1000 Скопје со привремена адреса: Бул.Киро Глигоров бр.4. а за сместување на предметите кои се привремено или трајно одземени, располага со:

- Магацински објект и плац за возила во КПУ Идризово
- Магацински објект и плац за возила (во кругот на Тетекс) во Тетово
- Магацински објект и плац за возила во Гевгелија
- Плац за возила во Миладиновци
- Магацин во Славија
- Магацин во Ѓорче Петров

Агенцијата за управување со одземен имот има веб страна: wwww.odzemenimot.gov.mk, и e-mail адреса : info@odzemenimot.gov.mk.

## III.ЗАКОНИ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ, ИМОТНА КОРИСТ И ОДЗЕМЕНИ ПРЕДМЕТИ ВО КРИВИЧНА И ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА (*)

Во поглед на правната рамка во периот од 01.07.2025 година до 31.12.2025 година беа донесени следните изменувања и дополнувања на Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (*) (Службен весник на Република Северна Македонија бр.64/24) и тоа:

-Закон за Изменување и дополнување на Законот за управување со одземен имот , имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка, бр.135/25 објавено на Службен Весник на Република Северна Македонија на 04.07.2025 година (*);

## IV.АКТИВНОСТИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07.2025 ГОДИНА ДО 31.12.2025 година

Во период од 01.07.2025 година до 31.12.2025 година Агенцијата за управување со одземен имот продолжи активно да ги извршува надлежностите предвидени со Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети и да постапува со одземениот имот согласно начелата на добар домаќин и добар стопанственик, начелата на законитост, ефикасност, економичност, транспарентност, одговорност, стручност, професионалност и ажурност.

Агенцијата за управување со одземен имот и во текот на овие месеци продолжи да ги врши утврдените надлежности со закон и тоа:

- во рамките на своите ограничени кадровски и технички капацитети Агенцијата управуваше со конфискуваниот имот, имотната корист и одземените предмети,
- со согласност на судот и другите надлежни органи кои одземаат имот управуваше со конфискуваниот имот, имотната корист како и привремено одземените предмети со цел да се заштити вредноста на имотот.
- ја спроведуваше постапката за извршување на конфискацијата на имот и имотна корист при што беа конфискувани недвижности, пари од сметки, возила итн.
- Во наведениот период Агенцијата спроведуваше постапка за отстапување на привврремено и конечно одземен имот .
- Агенцијата спроведуваше постапки за продажба на конечно одземен имот со правосилна одлука.
- и во овој период Агенцијата во рамките на своите просторни можности го

чуваше и складираше одземениот имот во магацините во КПУ Идризово, плацот во Миладиновци, магацинот во Тетово за одземен имот, плацот во Гевгелија, магацинот во Славија и магацинот во Ѓорче Петров, за што би сакале да потенцираме и во овој Извештај дека наведените магацини не се доволни за складирање на целокупниот одземен имот во кривична и прекршочна постапка за што Агенцијата ја извести Владата на Република Северна Македонија.

- во соработка со Министерството за правда-Бирото за процена се вршеше проценка на одземениот имот со цел истиот да се продава или отстапува,
- води евиденција на целокупниот одземен имот за кој има добиено известување од органот кој го одзема привремено или со правосилна пресуда или решение,
- вршеше продажба на одземениот имот,
- врши други работи утврдени со закон.
- Изготвуваше статистички, финансиски, квартални,годишни и друг вид на извештаи за работа и извештаи за одземен имот.

Во однос на работата на Агенцијата за период од 01.07.2025 година до 31.12.2025 година Ве известуваме следното:

Агенцијата за управување со одземен имот и во наведениот период продолжи активно да ги извршува работите предвидени со Законот за управување со конфискуван имот,имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (*) („Службен весник наРепублика Северна Македонија" бр.64/24, бр.37/25 ,бр.86/25, бр.101/25 и бр.135/25). Покрај надлежностите и овластувањата што ги има со законот и подзаконските акти, Агенцијата постапуваше редовно и во согласност со заклучоците на Владата на Република Северна Македонија.

**Во периодот од 01.07.2025 година до 31.12.2025 година Директорот на Агенцијата за управување со одземен имот донесе Процедура за отпочнување и спроведување на постапка за јавни набавки подготовка, склучување и реализација на договорите бр.01-4981/1 од 12.11.2025 година.**

Во периодот од 01.07.2025 година до 31.12.2025 година Управниот одбор на Агенцијата за управување со одземен имот одржа 8 осум седници и тоа :
- 10-та седница на УО на АУОИ одржана на 09.07.2025 година
- 11-та седница на УО на АУОИ одржана на 21.07.2025 година
- 12-та седница на УО на АУОИ одржана на 26.082025 година
- 13-та седница на УО на АУОИ одржана на 30.10.2025 година
- 14-та седница на УО на АУОИ одржана на 11.11.2025 година
- 15-та седница на УО на АУОИ одржана на 24.11.2025 година

Влада на Република Северна Македонија

Агенција за управување со одземен имот

-16-та седница на УО на АУОИ одржана на 15.12.2025 година и
-17-та седница на УО на АУОИ одржана на 29.12.2025 година , на кои седници беа донесени следните правилници , подзаконски акти и одлуки:

1.Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за постапување со одземен имот бр.01-713/1 од 7 февруари 2015 година ("Службен весник на РСМ" бр.50/25).
2.Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за постапување со одземен имот што се состои во живи животни.
3. Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за постапување со одземен имот.
4.Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот со критериуми за отстапување на одземени предмети-возила со кои управува Агенцијата.
5.Одлука за усвојување на План за работа и ревидиран финансиски план на Агенцијата за управување со одземен имот за 2026 година со арх.бр.01-3575/1 од 19.08.2025.
6.Одлука за усвојување на Извештајот за работа на Агенцијата за управување со одземен имот за период од шест месеци за период од 01.01.2025 година до 30.06.2025 година со арх.бр.03-3508/1 од 18.08.2025 година.
7. Правилникот за начинот на водење на евиденција на податоци за одземен имот, конфискуван имот и одземени предмети во Агенцијата за управување со одземен имот.
8. Правилник за уништување на електронски отпад одземен во корист на државата во Агенцијата за управување со одземен имот.
9.Правилник за заштита од пожари и експлозии (Агенција за управување со одземен имот, Подружница Идризово).
10. Правилник за заштита од пожари и експлозии (Агенција за управување со одземен имот, Подружница Тетово).
11.Правилник за заштита од пожари и експлозиви (Агенција за управување со одземен имот, Подружница Гевгелија).
12. Правилник за заштита од пожари и експлозиви (Агенција за управување со одземен имот, Скопје).
13.Одлука за усвојување на меморандум за партнерство и соработка меѓу Агенцијата за управување со одземен имот и соодветни агенции од оваа област во федерацијата Босна и Херцеговина, Република Српска и Црна Гора.
14.Одлука за попис на средствата и обврските со состојба на 31.12.2025 година;

15. Деловник за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Управниот одбор на Агенцијата за управување со одземен имот бр.0202-712/16 од 07.02.2025 година;
16.Одлука за изменување на одлуката Одлуката за формирање на Комисијата за уништување на оружје, делови и компоненти на оружје, муниција и експлозивен материјал во Агенцијата за управување со одземен имот бр.02-1286/65 од 19.03.2025 година;
17.Одлука за уништување на одземени предмети кои не можат да се продадат поради здравствени, ветеринарни, фитосанитарни или безбедносни причини, како и поголема количина на тутунски, алхохолни и други производи за кои не постои декларација или се фалсификат и истите согласно член 71 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети задолжително се уништуваат;
18.Одлука за ставање ВОН ПРАВНА СИЛА на Правилникот за начинот на отстапување на привремено одземен имот на државни органи, здруженија и фондации бр.07-718/1 од 07.02.2025 година
19.Одлука за ставање ВОН ПРАВНА СИЛА на Правилникот за начинот на отстапување на конфискуван имот за социјална реупотреба бр.01-716/1 од 07.02.2025 година

Во периодот од 01.07.2025 година до 31.12.2025 година Агенцијата ги извршуваше ПРАВОСИЛНИТЕ/КОНЕЧНИ ПРЕСУДИ/РЕШЕНИЈА/АКТИ на судовите и другите надлежни институции за одземање на предметите, конфискација на имот и имотна корист, кои се доставени на извршување на Агенцијата, како и ОДЛУКИ /АКТИТ/ПОТВРДИ/НАРЕДБИ од судови, обвинителства и други надлежни институции ЗА ПРИВРЕМЕНО ОДЗЕМАЊЕ НА ПРЕДМЕТИ ( стока,возила,парични средства,предмети и сл), доставени до Агенцијата и тоа:

| Правосилни/конечни пресуди/одлуки | Одлуки /наредби/записници/потврди за привремено одземање на предмети |
|---|---|
| • 24 пресуди за конфискација на противправно стекната имотна корист<br>• 17 пресуди за одземени парични средства<br>• 34 пресуди за одземени возила<br>• 33 пресуди за одземање на цигари, | • Одлуки за привремено одземена имотна корист ( нема)<br>• 30 одлуки/акти за привремено одземени парични средства<br>• 58 одлуки/акти за привремено одземени возила<br>• 37 одлуки/акти за привремено |

| | |
|---|---|
| тутун и алкохол<br>• 68 пресуди за одземено оружје, муниција и експлозивен материјал.<br>• 328 пресуди за одземена разна стока<br>• 20 пресуди за одземени наркотици, психотропни супстанци и прекурзори<br>• нема пресуди за одземени монети/банкноти-археолошки артефакти<br>• 1 пресуда одземени благородни метали/предмети<br>• 1 пресуда одземени животни<br>• 1 пресуда за одземен недвижен имот<br>• Хартии од вредност,електронски пари и удели ( НЕМА) | одземени цигари,тутун,алкохол<br>• 12 одлуки/акти за привремено одземено оружје, муниција и експлозивен материјал.<br>• 225 одлики/акти за привремено одземена разна стока<br>• 29 одлуки/акти за привремено одземени наркотици, психотропни супстанци и прекурзори.<br>• 1/одлуки/акти за привремено одземени монети/банкноти-археолошки артефакти<br>• 2 одлуки/акти за привремено одземени благородни метали и предмети<br>• 3 одлуки/акти за привремено одземени животни<br>• Одлуки/акти за привремено одземен недвижен имот (нема)<br>• Хартии од вредност, електронски пари и удели ( НЕМА ) |

## 4.1 КОНФИСКАЦИЈА НА ПРОТИВПРАВНО СТЕКНАТА ИМОТНА КОРИСТ

Согласно налозите и задолженијата од правосилните пресуди во делот на конфискацијата на противправно стекната имотната корист како принос од кривично дело, Агенцијата за управување со одземен имот во периодот од **01.07.2025 до 31.12.2025 година изврши наплата на противправно стекната имотна корист во износ од 26.720.228,00 денари, кои средства согласно закон се уплатени во Буџет на РСМ.**

## 4.2.ОДЗЕМЕНИ ПАРИЧНИ СРЕДСТВА

Во периодот од 01.07.2025 година до 31.12.2025 година врз основа на правосилни пресуди примени се и евидентирани правосилни кнечно одземени парични средства во вкупен износ од 22.606.054,00 денари кои се предадени на Агенцијта за управување со одземен имот на понатамошно постапување, кои средства од страна на Агенцијата се уплатени во Буџетот на Република Северна Македонија.

## 4.3.ПРОДАЖБА НА КОНФИСКУВАН ИМОТ

* Во периодот од 01.07.2025 година до 31.12.2025 година започната е постапка за за продажба на конфискуван имот и од страна на Управниот одбор на Агенцијата за управување со одземен донесени се Одлуки за продажба на недвижен имот кои се конфискувани со правосилни пресуди и истите се доставени до Владата на Република Северна Македонија за давање на согласност за продажба и тоа:

Вкупно се продадени 5 недвижности и тоа :

- Недвижност во Охрид на ИЛ бр.450
- Недвижност во Чаир на ИЛ.бр.9596
- Недвижност во Кисела Вода 1 Ил.бр.41965
- Недвижност во Кисела Вода 1 Ил.бр.31682
- Недвижност на ИЛ бр.1501 КО Богородица

Од продажбата на сметката на Агенцијата се уплатени вкупно 76.749.603,00 денари од кои 93 % односно 71.377.131.00 денари од паричните средства се уплатени во Буџетот на РСМ, а останатите 7 % од продажбата се уплатени на посебна сметка на Агенцијата за управуавње со одземен имот.

## 4.4.ПРОДАЖБА НА ПОДВИЖЕН ИМОТ/ВОЗИЛА

Во периодот од 01.07.2025 година до 31.12.2025 година Агенцијата за управување со одземен врз основа на Одлуки на Управниот одбор на Агенцијата и нивно усвојување, се реализира продажба на одземен подвижен имот – возила, одземен со правосилни одлуки по пат на Јавен оглас бр.10/25 за продажба на вкупно 30 возила:

-Продадени возила на прво јавно наддавање беа вкупно 6 возила. Со оглед да продажбите беа закажани во 3 временски интервали и тоа на 26.12.2025, 29.12.2025 и 30.12.2025 година, за 3 возила беше уплатена продажната цена на сметката на Агенцијата до кратјот на 2025 година, а за останатите 3 уплата е во почетокот на 2026 година, поради што тие средства ќе бидат впишани во извештај за прво полугодие од 2026 година.

Вкупно за 3 возила на сметката на Агенцијата е уплатен износ од 870.300,00 денари , од кои 93 % од паричните средства се уплатени во Буџетот на РСМ, и тоа износ од 809.379,00 денари, а останатите 7 % беа уплатени на посебна сметка на Агенцијата за управуавње со одземен имот.

- Во наведениот период од страна на Управниот одбор на Агенцијата за управување со одземен имот донесени се Одлуки за отпочнување на постапките за продажба на **вкупно 384 одземени подвижни предмети- хаварисани возила, со третман**

на отпаден материјал и започната е постапката за продажба на хаварисаните возила.

По усвојување на одлуката , од страна на Агенцијата за управување со одземен имот е објавен оглас за продажба на 384 одземени подвижни предмети-хаварисани возила, со третман на отпаден материјал по пат на јавно наддавање.

Продажбата по огласот беше успешно спроведена и вкупно на сметката на агенцијата беше уплатен износ од 3.756.137,00 денари од кои 93 % од паричните средства се уплатени во Буџетот на РСМ, и тоа износ од 3.493.207,00 денари а останатите а 7 % се уплатени на посебна сметка на Агенцијата за управуавње со одземен имот.

- **Од горе наведените продажби на недвижен имот, возила и хаварисани возила, кои беа спроведени во текот на второто полугодие од 2025 година односно од 01.07.2025 до 31.12.2025 година, наплатени се вкупно 81.376.040,00 денари, од кои 93% односно 75.679.717,00 денари се префрлени во Буџетот на Република Северна Македонија, а за Агенцијата се префрлени 7% односно 5.696.323,00 денари.**

## 4.5.ОДЛУКИ ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ВОЗИЛА

**Во периодот од 01.07.2025 година до 31.12.2025 година од страна на Управниот одбор на Агенцијата за управување со одземен имот донесени се Одлуки за отстапување на вкупно 8 возила од кои:**

1.Одлука- за отстапување на одземен предмет со Пресуда IX КОК.бр.65/24 од 11.06.2024 година на Основниот кривичен суд Скопје, правосилна со пресуда КОКЖ-86/24 од 06.11.2024 година на Апелациониот суд Скопје ПМВ БМВ на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје ц.о.

2.Одлука- за отстапување на одземен предмет со Пресуда VIII КОК.бр.215/22 од 26.12.2022 година на Основниот кривичен суд Скопје, правосилна со Пресуда КОКЖ-30/23 од 02.03.2023 година на Апелациониот суд Скопје ПМВ ИВЕКО на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје ц.о.

3.Одлука- за отстапување на одземен предмет со Пресуда VII КОК.бр.212/23 од 16.01.2024 година на Основниот кривичен суд Скопје, правосилна на 06.02.2024 година, ПМВ MERCEDES BENZ E320 на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје ц.о.

4.Одлука- за отстапување на одземен предмет со Пресуда VII КОК.бр.162/23 од 11.01.2024 година на Основниот кривичен суд Скопје, правосилна со Пресуда КОКЖ-18/24 од 22.02.2024 година на Апелациониот суд Скопје **ПМВ БМВ 120 I** на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје ц.о.

5.Одлука- за отстапување на одземен предмет со Пресуда VI КОК.бр.150/23 од 07.11.2023 година на Основниот кривичен суд Скопје, правосилна со Пресуда КОКЖ-177/23 од 20.02.2024 година на Апелациониот суд Скопје **ПМВ ОПЕЛ ЗАФИРА** на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистрарлните и регионалните патишта-Скопје ц.о.

6.Одлука- за отстапување на одземен предмет со Пресуда VIII КОК.бр.108/24 од 04.09.2024 година на Основниот кривичен суд Скопје, правосилна на 08.10.2024 година, **ПМВ АУДИ А4** на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје ц.о.

7.Одлука- за отстапување на одземен предмет со Пресуда VII КОК.бр.86/24 од 15.07.2024 година на Основниот кривичен суд Скопје, правосилна на 06.08.2024 година, **ПМВ CHRYSLER PACIFICA** на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистрарлните и регионалните патишта-Скопје ц.о.

8.Одлука- за отстапување на одземен предмет со Пресуда V КОК.бр.216/23 од 15.01.2024 година на Основниот кривичен суд Скопје, правосилна со Пресуда КОКЖ-33/24 од 08.04.2024 година на Апелациониот суд Скопје **ПМВ МЕРЦЕДЕС-БЕНЗ СПРИНТЕР** на Министерство за правда Управа за извршување на санкциите КПУ-КПД Идризово Скопје.

**Наведените одлуки се доставени до Владата на Република Северна Македонија за добивање на согласност за отстапување**

- Во периодот од 01.07.2025 година до 31.12.2025 година од страна на Управниот одбор на Република Северна Македонија донесена е Одлука за отстапување на одземен предмет со правосилна Пресуда ПРК-О-28/20 од 25.06.2020 година, правосилна на 13.04.2022 година на Основен суд Гевгелија Трактор ИМТ 533 ДЕ ЛУКС на општина Ресен. Одлуката е доставена до Влада на Република Северна Македонија за добивање на согласност за отстапување.

## 4.6 ОДЛУКИ ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНО ОДЗЕМЕНИ ВОЗИЛА

Согласно измените на чл 35 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (*) (Службен весник

на Република Северна Македонија бр.64/24, бр.37/25, бр.86/25, бр.101/25 и бр.135/25), Управниот Одбор на Агенцијата за управување со одземен имот донесе:Одлука за отстапување на привремено одземен предмет-возило на Собранието на Република Северна Македонија, одземен со Наредба КОН бр.16/22 од 16.08.2022 година на Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција - ПМВ Ауди А-8; Одлуката е доставена до Влада на Република Северна Македонија за добивање на согласност за отстапување.

## 4.7. ОДЛУКИ ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА СТОКА ОДЗЕМЕНА СО ПРАВОСИЛНИ ПРЕСУДИ ВО КРИВИЧНА И ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА

По однос на отстапување на друг одземен имот во периодот од 01.07.2025 година до 31.12.2025 година , Управниот одбор на Агенцијата за управување со одземен имот , врз основа на претходно поднесени барања од страна на државните институции за отстапување на разна стока, има донесено Одлуки за отстапена разна стока на државни институции и истите се доставени до Валдата на РСМ за давање на согласност за отстапување. По наведените одлуки од страна на Владата на РСМ е дадена согласност на Одликите за отстапување на разна стока за следните државни институции:

1. Општинско основно училиште „Магдалена Антова", Куманово
2. Јавна установа специјален завод – Демир Капија
3. Јавна здравствена установа ПСИХИЈАТРИСКА БОЛНИЦА
4.ЈКП „СТАНДАРД" - Дебар
5.ЈП „Градски паркинг и зеленило"
6. Јавно претпријатие за комунални дејности „Комуналец" – Гевгелија
7. Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје„ ЈАСЕН"-СКОПЈЕ
8.Министерство за правда на Република Северна Македонија-Управа за извршување на санкциите КПУ Затвор Гевгелија
9.Агенција за управување со одземен имот година за отстапување на одземени предмети (разна стока);3/.
10.ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби Скопје
11. Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово
12. Јавна општинска установа за деца Детска градинка ДЕТСКА РАДОСТ Гевгелија
13.Општина Радовиш- Основното општинско училиште Орце Николов с.Ињево, Радовиш
14.Црвен крст на Република Северна Македонија

## 4.8.ОТСТАПУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНО ОДЗЕМЕНИ ПРЕДМЕТИ БЕЗ НАДОМЕСТОК СО ОДЛУКИ НА УО НА Агенција за управување со одзмен имот.

По однос на отстапување на привремено одземени предмети без надомест, во периодот од 01.07.2025 година до 31.12.2025 година , Управниот одбор на Агенцијата за управување со одземен имот има донесено 8 Одлуки за отстапување на привремено одземени предмети без надоместок – телешко месо на државни институции. За донесување на наведените одлуки Агенцијата за управување со одземен имот, е задолжна да ја извести Владата на РСМ, кое нешто од страна на Агенцијата е остварено. Од страна на управниот одбор на Агенцијата се донесени следните одлуки:

1.Министерство за правда Управа за извршување на санкциите КПУ-КПД Идризово Скопје.
2.Министерство за правда Управа за извршување на санкциите КПУ Затвор Струмица.
3. Јавната здравствена установа Психијатриска болница „Скопје" – Скопје.
4 . Јавната установа Специјален завод Демир Капија .
5. Јавната здравствена установа Општа Болница Куманово.
6. Јавна установа Завод за заштита и рехабилитација Бања Банско – Струмица.
7. Јавната општинска установа Дом за стари лица „Зафир Сајто" -Куманово.
8.Министерство за правда Управа за извршување на санкциите КПУ ЗАТВОР КУМАНОВО со отворено Одделение во Крива Паланка.

## 4.9.ОДЗЕМЕНИ ВОЗИЛА (пмв, комби, товарни, теренски), МОТОРИ /МОТОРЦИКЛИ, ТРАКТОРИ, ЗАПРЕЖНИ КОЛИ И ПРИКОЛКИ

Од страна на Агенцијата за управување со одземен имот во периодот од 01.07.2025 година до 31.12.2025 година врз основа на одлуки примени се на чување и понатамошно управување вкупно 34 патнички моторни возила меѓу кои: автомобили, комби возила, теренски возила/ товарни возила, мотори/моторцикли, трактори, запрежни коли и приколки.

Во периодот од 01.07.2025 година до 31.12.2025 година Агенцијата постапила по 58 / одлуки/записници/потврди за привремено одземање на возила. Возилата се примени во депоата на Агенцијата на ВРЕМЕНО ЧУВАЊЕ, се до завршување на судските постапки.

## 4.10.ОДЗЕМЕНИ ЦИГАРИ-ТУТУН И АЛКОХОЛ

-Во периодот од 01.07.2025 година до 31.12.2025 година Агенцијата постапи по вкупно 33 правосилни пресуди/одлуки од судови и надлежни институции за одземање на цигари – тутун. Врз основа на истите во Агенцијата за управување со одземен имот примени се на чување и понатамошно управување разни видови и марки на цигари, ситно сецкан тутун, режан тутун, електронски цигари и полначи

за цигари, пакуван и рефусен тутун, различни видови наргиле,зелен тутун во листови, во различни форми и пакования. Во наведениот период во Агенцијата се примени 2 правосилни пресуди/одлуки за одземање на алкохол .

-Во периодот од 01.71.2025 година до 31.12.2025 година Агенцијата за управување со одземен имот постапила по 37 одлуки / потврди за привремено одземање на цигари- тутун од надлежни институции. Привремено одземените предмети се наоѓаат во магацините на Агенцијата на ВРЕМЕНО ЧУВАЊЕ се до завршување на судските постапки. Во наведениот период во Агенцијата се примени 2 одлуки / потврди од надлежни институции за привремено одземање на алкохол .

## 4.11.ОДЗЕМЕНО ОРУЖЈЕ, МУНИЦИЈА И ЕКСПЛОЗИВЕН МАТЕРИЈАЛ

Од страна на Агенцијата за управување со одземен имот во периодот од 01.07.2025 година до 31.12.2025 година постапила по вкупно 68 правосилни пресуди/одлуки од судови и надлежни институции. Врз основа истите во Агенцијата се примени на чување и понатамошно управување разни видови на оружје: ПИШТОЛИ со различен калибар,марка и големина. ПУШКИ автоматски, полуавтоматски , ловни и воздушни, НОЖЕВИ од различни марки со различна димензија на сечиво и облик, ДРВЕНИ БЕЗБОЛ ПАЛКИ, ЕЛЕКТРИЧНИ ПАРАЛИЗАТОРИ, МЕТАЛНИ БОКСИРАЧИ, ЛАДНО ОРУЖЈЕ-СКАЛПЕЛИ и СЕЧИЛА од различни видови и големини, КУРШУМИ со различен калибар, марка и пакување како и ловни патрони, детално опишани во пресудите, како и распрснувачки материјали - петарди.

Во периодот од 01.07.2025 година до 31.12.2025 година Агенцијата постапи по 12 одлуки/ наредби за привремено одземање на оружје од надлежни институции и истите се примени во магацините на Агенцијата на ВРЕМЕНО ЧУВАЊЕ се до завршување на судските постапки.

## 4.12.ОДЗЕМЕНА РАЗНА СТОКА

Во периодот од 01.07.2025 година до 31.12.2025 година Агенцијата постапи по задолженијата на 328 правосилни пресуди/одлуки од судови и надлежни институции за одземање на разна стока. Врз основа на истите во Агенцијата за управување со одземен имот примени се на чување и понатамошно управување разни видови на стока и тоа: МОБИЛНИ ТЕЛЕФОНИ, ДОКУМЕНТИ, РАЗНИ ЛЕКОВИ, ДОКАЗЕН МАТЕРИЈАЛ, ТЕКСТИЛ, МОТОРНИ ПИЛИ, НАОЧАРИ, ЗАПАЛКИ, ТРСКИ, СЕКИРИ, РАЧНИ ЧАСОВНИЦИ, МОТОРЦАНГЛИ, ЛАДИЛНИЦИ И МАШИНИ ЗА РАЗЛИЧНА НАМЕНА, КОМПЈУТЕРИ, ВОЗАЧКИ ДОЗВОЛИ,

ПАСОШИ, ЛИЧНИ КАРТИ, ОБЛЕКА, КОЗМЕТИКА, ПАРФЕМИ, АЛАТИ ЗА РАБОТА, ТАБЛЕТИ, БРАВИ ЗА ВРАТА, МЕТАЛНИ ДЕТЕКТОРИ, ХЕБЛИ, ЧАНТИ, ЗИДНИ ЧАСОВНИЦИ, ПРЕКРИВАЧИ и друга разба стока.

Во периодот од 01.07.2025 година до 31.12.2025 година Агенцијата постапи по 225 одлуки / акти на судовите, обвинителствата и надлежните институции за привремено одземање на разна стока и истите се примени во магацините на Агенцијата на ВРЕМЕНО ЧУВАЊЕ се до завршување на судските постапки.

## 4.13.ОДЗЕМЕНИ НАРКОТИЧНИ ДРОГИ, ПСИХОТРОПНИ СУПСТАНЦИИ И ПРЕКУРЗОРИ

Агенцијата за управување со одземен имот во периодот од 01.07.2025 година до 31.12.2025 година постпила по вкупно 20 правосилни пресуди/одлуки од судови и надлежни институции , врз основа на кои во Агенцијата примени се на чување и понатамошно управување разни видови на наркотици и психотропни супстанци и сите се примени со записник и оставени на чување во магацин во ЕБР-Ѓорче Петров до конечната одлука или наредба од страна на судот или обвинителството за нивното унишување.

Во периодот од 01.07.2025 година до 31.12.2025 година Агенцијата постапи по 29 пресуди / одлуки /решенија/ наредби на судови, обвинителства и надлежни институции за привремено одземање на разни наркотици и психотропни супстанци и истите се примени во магацините на Агенцијата на ВРЕМЕНО ЧУВАЊЕ се до завршување на судските постапки.

## 4.14.ОДЗЕМЕНИ МОНЕТИ-БАНКНОТИ/ Археолошки предмети и артефакти

Во периодот од 01.07.2025 година до 31.12.2025 година од страна на Агенцијата за управување со одземен имот нема примени пресуди/ одлуки со кои се одземаат монети-банкноти/археолошки предмети и артефакти.

Во наведениот период до Агенцијата е доставена 1 потврди /акти за привремено одземање на предмети на надлежни институции н со која на времно чување се примени 204 парчиња колекционерски монети и банкноти и истите од страна на Агенцијата се предадени во Народна банка на РСМ.

## 4.15.ОДЗЕМЕНИ ПРЕДМЕТИ БЛАГОРОДНИ МЕТАЛИ/ПРЕДМЕТИ

Од страна на Агенцијата за управување со одземен имот во периодот од 01.07.2025 година до 31.12.2025 година постапено е по 1 одлуки врз основа на кои примени се златни прстени, златни нараквици, златни обетки, златни брошеви,

златни плочки и златни ланчиња со бисерни топчиња и други додатоци, предмети се со жиг 375,750,925,585 и 14К. Наведените предмети се предадени на чување во Народна Банка на РСМ.

Агенцијата за управување со одземен имот во периодот од 01.07.2025 година до 31.12.2025 година постапила по 2 одлуки – потврди за привремено одземање на предмети на надлежни институции за ПРИВРЕМЕНО ОДЗЕМЕНИ БЛАГОРОДНИ МЕТАЛИ. Привремено одземените благородни метали/предмети од страна ан Агенцијата за управување со одземен имот се предадени на чување во Народна Банка на РСМ.

## 4.16.ОДЗЕМЕНИ ЖИВОТНИ

Во периодот од 01.07.2025 година до 31.12.2025 година до Агенцијата за управување со одземен имот доставена е 1 една правосилни-конечни пресуди/одлуки од суд или други надлежни институции за одземање на живи животни. Во агенцијата се примени 26 белгиски канаринци и истите од страна на Агенцијата се предадени во Зоолошка градина Битола.

Во периодот од 01.07.2025 година до 31.12.2025 година Агенцијата за управување со одземен имот постапила по 3 одлукаи/акти од надлежни институции за привремено одземање на жива стока, кои се предадени на Агенцијата и истите од страна на Агенцијата се предадени на чување на Кланица ДООЕЛ Ново село Струмица.

## 4.17.КОНФИСКУВАН ИМОТ

Во периодот од 01.07.2025 година до 31.12.2025 година во Агенцијата од страна на Основен кривичен суд Скопје -Одделение за организиран криминал и корупција примена е Пресуда IX КОК.бр. 20/25 од 14.03.2025 година со која е наложено меѓу другото од обвинетите да се одземе-конфискува недвижен имот . Од страна на Агенцијата за управување со одземен имот врз основа на напатствијата во правосилната пресуда изготвено е Решение за пренос на право на сопственост во корист на Република Северна Македонија бр.08-5054/4 од 20.11.2025 година со кое е направена е промена на сопственоста во Агенцијата за катастар на РСМ, во корист на РСМ Агенција за управување со одземен имот и тоа на следниот конфискуван имот:

-Недвижен имот Стан на ул. Сремски Фронт бр.30А во Штип, по ИЛ БР.102784 за КО Штип 3, Катастарска парцела, основен 3068, дел 5, вкупна површина во м2 - 95, право на недвижност - сосоптсвеност – 1/1,

-Недвижен имот Стан на ул. Енгелсова бр.10а/А во Штип, по ИЛ БР.102784 за КО Штип 3, Катастарска парцела, основен 4431, дел 9, вкупна површина во м2 - 32, право на недвижност - сосопстсвеност – 1/1,

-Недвижен имот Гаража на ул. Сремски Фронт бр.30А во Штип, по ИЛ БР.103229 за КО Штип 3, Катастарска парцела, основен 3068, дел 5, вкупна површина во м2 - 16, право на недвижност - сосопстсвеност – 1/1,

-Недвижен имот Стан на ул. Енгелсова бр.10А/1-152 во Штип, по ИЛ БР.102972 за КО Штип 3, Катастарска парцела, основен 4431, дел 9, вкупна површина во м2 – 45, право на недвижност - сосопстсвеност – 1/1,

-Недвижен имот Гаража на ул. Енгелсова бр.10А/1-152 во Штип, по ИЛ БР.102972 за КО Штип 3, Катастарска парцела, основен 4431, дел 9, право на недвижност - сосопстсвеност – 1/1

**4.18.ПОСТАПУВАЊЕ СО КОНФИСКУВАНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ, ЕЛЕКТРОНСКИ ПАРИ И УДЕЛИ во период од 01.07.2025 година до 31.12.2025 година.**

Владата на РСМ на ден 11.12.2025 година со бр.50-5780/26 донесе Одлука за давање на согласност на Одлуката за продажба на акциите на Стопанска Банка АД Скопје/ сегашна Алта Банка АД Скопје, кои акции се во сопственост на Агенцијата за управување со одземен имот. По добиената согласност Агенцијата за управување со одземен имот објави Оглас бр.11/2025 за продажба на обични акции на Алта Банка АД Битола ( поранешна Стопанска банка АД Битола) во сопственост на Агенцијата за управување со одзмен имот кои беа понудени на продажба на Македонска Берерза за хартии од вредност на АД Скопје по пат на јавна берзаннска аукција со бр.08-5748/1 од 18.12.2025 година. На огласот беа објавени 7213 обични акции со почетна продажна цена на една акција од 3.194,00 денари. На Јавната берзантска аукција се продадоа наведените акции, но со оглед на фактот да продажбата се реализираше во текот на месец јануари 2026 година, записникот и износот од продажбата ќе биде евидентиран во извештајот од првото полугодие за 2026 година.

**4.19 УНИШТУВАЊЕ НА ОДЗЕМЕНИ НАРКОТИЧНИ ДРОГИ, ПСИХОТРОПНИ СУПСТАНЦИ И ПРЕКУРЗОРИ, ОДЗЕМЕНО ОРУЖЈЕ, МУНИЦИЈА, ЕКСПЛОЗИВЕН МАТЕРИЈАЛ И ДРУГ ОДЗЕМЕН ИМОТ КАКО И ОСТАНАТА РАЗНА СТОКА И АКЦИЗНА СТОКА.**

Влада на Република Северна Македонија

Агенција за управување со одземен имот

Во периодот од 01.07.2025 година до 31.12.2025 година од страна на Агенцијата за управување со одземен имот извршени се вкупно 3 уништувања кои се спроведоа во Макстил, на Криволак и во Дрисла и тоа:

1. Во погоните на „Макстил" – Скопје , беше спроведено уништување на правосилно одземено оружје ,муниција и дрога во организација и соработка на Агенцијата за управување со одземен имот, Министерството за внатрешни работи, Државната Комисија за уништување на наркотични средства и Комисија за уништување на мало и лесно оружје.
Уништени се: над 4 тони марихуана и 18.000 стебла од марихуана,79 килограми цвет од марихуана, 21 килограм други видови дрога (амфетамини, кокаин, хероин),над 100 парчиња огнено оружје, над 1.000 парчиња чаури и компоненти од оружје.Уништувањето се спроведе во строго контролирани услови, со почитување на безбедносните и еколошките стандарди.
2. На ден 13.12.2025 година, на Армискиот полигон Криволак (Мушинци), беше успешно спроведена активност за уништување на одземени минско-експлозивни средства и неексплодирани убојни средства, кои беа складирани во магацините на Агенцијата за управување со одземен имот. Уништени се: против оклопен ракетен систем , РПГ ракети, гранати , бестрзаен топ, запалки за рачни бомби, против тенковски мини, стопански експлозив (половина кристализиран), топовски удар (М81), РРФ (М80 64мм зоља), проектил против авионски (20мм), 5 кгр (околу) пластичен експлозив, запалки за против тенковска мина,Детонирачки кабел – котур од 10 метри Деткорд, Експлозив ТНТ околу 120 кгр; додатно гориво за РПГ; електрични детонаторски railcapисли, рударска детонаторска каписла ,10 метри бавно горечки фитил.

За погоре наведените минско експлозивни средства е констатирано постоење на висок степен на опасност поради деградација на средствата. Кај одреден број на различни гранати и ракети забележана е кристализација и физичко оштетување на самото тело и запалките од гранатите. Експлозивот е складиран и пакуван заедно со детонаторски запалки без разлика дали станува збор за електрични запалки, рударски или запалки од рачни бомби, батерии и акумулатори, при што оваа состојба ја зголемува веројатноста од ненадејна иницијација или самозапалување и претставуваат опасност по персоналот кој е присутен во магацинскиот простор и потесниот надворешен периметар. Активноста беше реализирана во координација со надлежните служби на Министерството за внатрешни работи, од страна на овластени пиротехничари и комисија за уништување, согласно сите безбедносни протоколи и законски процедури.

3.Во ЈП Дрисла беше спроведено Уништување на одземени предмети кои не можат да се продадат поради здравствени, ветеринарни, фитосанитарни или безбедносни

причини, како и поголема количина на тутунски, алкохолни и други производи за кои не постои декларација или се фалсификати и истите согласно чл.71 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка, задолжително се уништуваат. Извршено беше уништување на следната разна стока: храна, акцизна стока (цигари, тутун, алкохол) , текстил и лекови и уништена е вкупна количина од 45.76 тони од горенаведената стока.

## V. ВНАТРЕШНО ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАДРОВСКИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА АГЕНЦИЈАТА

Во периодот од 01.07.2025 година до 31.12.2025 година, Агенцијата за управување со одземен имот ја продолжи својата мисија за професионално, ефикасно и транспарентно управување со одземениот и конфискуваниот имот во Република Северна Македонија.

Наведениот период беше исполнет со значајни предизвици, но и со видлив напредок во делот на зајакнување на кадровските и техничките капацитети. Преку спроведување на активности во рамки на европскиот План за раст и Реформската агенда, а во согласност со Националната стратегија за зајакнување на капацитетите за финансиски истраги и конфискација, Агенцијата го постави темелот и го трасираше патот за понатамошна модернизација и ефективност на своето работење.

Агенцијата за управување со одземен имот во овој период интензивно работеше на анализа на своите кадровски капацитети и презеде конкретни мерки за нивно зајакнување.

## VI.РЕФОРМСКА АГЕНДА И ПЛАН ЗА РАСТ во период од 01.07.2025 до 31.12.2025 година

Во однос на чекорот поврзан со кадровската екипираност, почетната состојба на Агенцијата предвидуваше 79 систематизирани работни места, од кои во текот на 2025 година беа пополнети 39 работни места.

Во наведениот период евидентирано е едно пензионирање и успешно се реализирани огласи за четири нови вработувања на неопределено време, додека едно вработување е во тек на огласна постапка.

Со цел понатамошно јакнење на институционалните капацитети, добиена е согласност за Годишниот план за вработување, со кој е предвидено вработување на уште 18 лица на неопределено време (17 административни службеници и 1 помошно-техничко лице),. Реализацијата на овие вработувања е планирана да се

спроведе во рамки на предвидениот грејс период, со што ќе се обезбеди постепено, одржливо и функционално пополнување на клучните работни позиции.

Со наведените активности, Агенцијата создава реална основа за исполнување на целите од Реформската агенда и Планот за раст, обезбедувајќи балансиран пристап помеѓу квантитативно пополнување на работните места и квалитативно зајакнување на стручните капацитети, со јасна временска рамка и одржлив институционален развој.

## VII. УЧЕСТВО ВО ЕВРОПСКИ ПЛАН ЗА РАСТ И ИНСТИТУЦИОНАЛНО ЕКИПИРАЊЕ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ

Агенцијата превзеде иницијативи за институционално екипирање:

- Започната е постапка за изработка на идеен проект за изградба на магацин.
- Започната е постапката за набавка на интегриран ИКТ систем за евиденција, следење и управување со одземениот имот, со цел зголемување на транспарентноста и ефикасноста на електронскиот регистар.
- Обнова на техничката опрема и инфраструктурата на Агенцијата, вклучувајќи возила, ИТ опрема и безбедносни системи.

Овие иницијативи се во согласност со реформската агенда на Владата и се поддржани преку инструментот за реформи и раст, кој беше ратификуван од Собранието во јануари 2025 година.

### 7.1 ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ

Имено и покрај ограничувањата во кадровската поддршка и финансиските ресурси, Агенцијата постигна значителен напредок во планирањето и подготовката на системски реформи.Со цел да се обезбеди навремено исполнување на обврските од Планот за раст и националните стратешки документи, неопходно е:

- Да се обезбеди финансиска поддршка за набавка на Е-регистарот
- Да се обезбеди финансиска поддршка за изградба на нови магацински капацитети.

Агенцијата останува посветена на унапредување на транспарентноста, ефикасноста и одговорното управување со одземениот имот, во интерес на правдата и јавниот интерес.

## VIII.СОРАБОТКА СО ДРЖАВНИТЕ ОРГАНИ И ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ

8.1. Соработка со државни органи и други институции

Во наведениот период, Агенцијата оствари интензивна и координирана соработка со:

- Министерството за внатрешни работи,
- Јавното обвинителство на Република Северна Македонија,
- Управата за финансиска полиција,
- Царинската управа,
- Управата за јавни приходи,
- Судовите,
- Министерството за правда,
- Други надлежни институции.

Клучни достигнувања:

- Зајакната координација за предавање, проценка, чување и продажба на одземениот имот.
- Заеднички активности за унапредување на нормативната рамка за управување со конфискуван имот.

Остварени се редовни координативни состаноци за подобрување на постапките за извршување на правосилните судски пресуди и конфискација, предавање, проценка, чување и управување со одземениот имот. Изготвен е акциски план, согласно кој предвидени се склучување на меморандуми за соработка и оперативни протоколи за наредната година.

## IX. МЕЃУНАРОДНИ СРЕДБИ НА БИЛАТЕРАЛНО И МУЛТИЛАТЕРАЛНО НИВО

1.Агенцијата за управување со одземен имот зема активно учество на одржаната Националната конвенција за Европската Унија во Северна Македонија, во организација на Европското движење, денеска беше домаќин на 17. сесија на Работната група 4 – Правда, слобода и безбедност (Поглавје 24) на тема „Ефикасноста на институционалниот одговор во Република Северна Македонија на препораките на ЕУ за конфискација и управување со имот стекнат од криминал“. Од страна на Агенцијата беа образложени предизвиците со кои се соочува во процесот на управувањето со одземен и конфискуван имот, Недостигот од човечки, технички и просторни капацитети, како и потребата од зголемена меѓуинституционална поддршка;

Влада на Република Северна Македонија

Агенција за управување со одземен имот

Конкретните чекори што Агенцијата ги презема за професионализација на системот, усогласување со европските стандарди и зголемување на ефективноста во постапките за конфискација. Целта на Агенцијата е да биде модерен и функционален механизам, кој ќе овозможи враќање на незаконски стекнатиот имот назад во општеството.

2.На ден 27.11.2025 година во Подгорица, Црна Гора, директорите на трите национални Агенции за управување со одземен имот,Ирена Илиевска, директор на Агенцијата за управување со одземен имот на Република Северна Македонија, Emir Bašić, директор на Агенцијата за управување со одземен имот на Босна и Херцеговина, и Koča Đurišić, директор на Управата за државен имот на Црна Гора, кои ја финализираа подготовката и го потпишаа мултилатералниот Меморандум за соработка.

Настанот е спроведен со целосна поддршка на Германското друштво за меѓународна соработка (ГИЗ) Скопје, во рамки на проектот EU4FAST-WB, кои преку својата континуирана техничка и стратешка помош овозможуваат унапредување на регионалната соработка и зајакнување на капацитетите за управување со одземен имот, кое нешто претставува значајно унапредување на партнерството меѓу трите земји и потврда на нивната посветеност за воспоставување модерни, транспарентни и ефективни системи за управување со одземениот имот.

Со документот, трите институции се обврзуваат на:

• редовна размена на информации и експертиза,

• заедничко учество во стручни процени и оперативни активности,

• развој на унифицирани методологии и индикатори,

• јакнење на институционалните капацитети и регионалната соработка.

## `X.ГЛАВНИ ПРЕДИЗВИЦИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ

Агенцијата за управување со одземен имот во иднина ќе продолжи да управува со конфискуваниот имот и имотна корист како принос од казнено дело и одземените предмети како и навремено и целосно постапување по правосилните пресуди за конфискација на имот и имотна корист, ефикасно управување, продажба и остварување на приходи во Буџетот на Република Северна Македонија, согласно чл.7 од Закон за управување со конфискуван имот,имотна корист и одземени

Влада на Република Северна Македонија

Агенција за управување со одземен имот

предмети во кривична и прекршочна постапка (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.64/24, бр.37/25, бр.86/25 и бр.101/25 и 135/25.

Агенцијата за управување со одземен имот согласно начелата на законитост, економичност, ефикасност, транспарентност, одговорност, стручност, професионалност и ажурност, воспоставува систем на одговорна и отчетна државна служба пред граѓаните и Владата на република Северна Македонија, во однос на управувањето, отстапувањето и и продавањето на конфискуваниот имот, имотна корист и одземени предмети.

Агенцијата и во иднина со сите расположливи капацитети ќе ги спроведува надлежностите согласно законот со кои значително се зголемија обврските , за што апелираме во соработка со Владата на Република Северна Македонија да се разгледа можноста да се зголемат пред се човечките и просторните капацитети со цел ефикасно управување со одземениот имот, соодветно сместување и складирање, пред се успешна продажба на имотот со цел зголемување на приходите во Буџетот на Република Северна Македонија.

Директор на

Агенција за управување со одземен имот

Ирена Илиевска